РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр.-Nr. 02-1464/20
29-02-2024 20___ год.-vit/e.
Скопје-Shkup

Друштво за градежништво,трговија и услуги
ЕУРОВИА ДООЕЛ
Бр. 0307/173-1
29.02.2024 год.
Желино

Друштво за градежништво, трговија и услуги БАУЕР БГ ДОО
Бр. 03-49/2
29.02.2024 год.
СКОПЈЕ

**Договор за изменување и дополнување на Договорот за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Чаир со архивски број 02-2911/8 од 14.07.2020 година, Договор за изменување и дополнување на Договорот со архивски број 02-2256/1 од 04.03.2022 година, Договор за изменување и дополнување на Договорот со архивски број 02-2256/3 од 25.07.2022 година, Договор за изменување и дополнување на Договорот со архивски број 02-2256/4 од 26.12.2022 година, Договор за изменување и дополнување на Договорот со архивски број 02-482/89 од 27.07.2023 година, Договор за изменување и дополнување на Договорот со архивски број 03-482/119 од 30.10.2023 година и Договор за изменување и дополнување на Договорот со архивски број 03-482/160 од 28.12.2023 година**

1. Министерство за труд и социјална политика, со седиште на ул. Даме Груев, бр.14 Скопје, претставувано од Министер Ѓоко Велковски, во понатамошниот текст, „Договорен орган" од една страна, и
2. Друштво за градежништво, трговија и услуги ЕУРОВИА ДООЕЛ, со ЕМБС 6630294, седиште на ул.101 бр.15, с.Желино, застапувано од овластено лице Елмедин Адеми (во понатамошниот текст: Носител на група – Изведувач и Друштво за градежништво, трговија и услуги Бауер БГ Доо Скопје, со ЕМБС 6059376 со седиште на бул. Илинден бр.29-3/4 Скопје, застапувано од Управителот Благој Димитров (во понатамошниот текст: член на група – Изведувач) од друга страна.

**Член 1**

Договорните страни го склучуваат овој Договор врз основа на член 91 од Договорот за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Чаир со архивски број 02-2911/8 од 14.07.2020 година и број на Носителот на набавката 03-170/3 од 24.07.2020 година и член 119 став 1 точка 3 од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија 24/19 и Службен весник на Република Северна Македонија 87/2021).

**Член 2**

Предмет на овој Договор е изменување на одредбите од Договорот за изведување на градежни работи за изградба на детска градинка во Општина Чаир со број 02-2911/8 од 14.07.2020 година и број на Носителот на набавката 03-170/3 од 24.07.2020 година за времетраењето на договорот, Договор за изменување и дополнување на Договорот со архивски број 02-2256/1 од 04.03.2022 година, Договор за изменување и дополнување на Договорот со архивски број 02-2256/3 од 25.07.2022 година, Договор за изменување и дополнување на Договорот со архивски број 02-2256/4 од 26.12.2022 година, Договор за изменување и дополнување на Договорот со архивски број 02-482/89 од 27.07.2023 година, Договор за изменување и дополнување на Договорот со архивски број 03-482/119 од 30.10.2023 година и Договор за изменување и дополнување на Договорот со архивски број 03-482/160 од 28.12.2023 година.

Овој Договор се склучува по претходно доставено Барање за продолжување на рок на изведба на градежни активности од Изведувач Еуровиа Дооел Желино со број 0302/158-1 од 21.02.2024 година, доставено до Надзорен орган и Мислење од Надзорен орган Урбан Стил

Инжинеринг Дооел во врска со продолжување на рокот на изведба со бр.0302-5804/1 од 23.02.2024 година, заверено во архива на МТСП со бр. 03-1464/18 од 26.02.2024 година, поради тоа што согласно горенаведените документи постојат оправдани причини за продолжување на рокот на Договорот до 01.05.2024 година.

**Член 3**

Членот 13 од основниот договор се менува и гласи:

„Изведувачот е должен сите работи предвидени во член 2 од овој Договор да ги заврши најдоцна до 01.05.2024 година."

**Член 4**

Согласно член 66 од основниот Договор, Носителот на набавката е должен на Договорниот орган да му достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 10% (десет проценти) од вкупната вредност на Договорот, со која се обврзува дека навремено, квалитетно и според условите од договорот ќе ги изведе работите кои се предмет на овој договор.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност од дополнителни 60 дена од рокот предвиден за целосно реализирање на договорот, односно до 01.07.2024 година.

**Член 5**

Останатите одредби од основниот Договор остануваат непроменети.

**Член 6**

Овој Договор влегува во сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

**Член 7**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои 2 (два) за Договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

Министер
Ѓоко Велковски

Управител
Елмедин Адеми

Управител
Благој Димитров